| Т - Унапредување на здравствена заштита | 0 | 0 | 0 | 0 | 0,00 | - |
| В - Социјална заштита и заштита на деца | 400.000 | 91.768 | 60.098 | 52,70 | 22,94 | 308.232 |
| Њ - Противпожарна заштита | 0 | 0 | 0 | 0 | 0,00 | - |
| Љ - Заштита и спасување | 87.440 | 0 | 0 | 0 | 0,00 | 87.440 |
| Џ- Родова еднаквост | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0,00 | 50.000 |
| **Вкупно** | **124.456.738** | **23.092.560** | **19.926.244** | **15,89** | **18,55** | **101.364.178** |

Некои од позначајните расходи кои се реализирани во одделните програми/надлежности и во однос на планираните се забележуваат кај :

- Општинска администрација има реализирано расходи во износ од 5.512.216 ден. или реализација од 24,86% во однос на планираното за 2026 год. (Табела бр.4)
- Комунални дејности се реализирани во износ од 1.533.806 ден. или реализација од 9,45% во однос на планираното за 2026 год. (Табела бр.4)
- Спорт и рекреација има реализирано расходи во висина од 100.000 ден. или реализација од 40,00% во однос на планираното за 2026 година. (Табела бр.4)
- Расходите за образование на општината се реализирани во износ од 11.896.359 ден. или реализација од 15,73% во однос на планираното за 2026 год. (Табела бр.4)
- Социјална заштита има реализација во износ од 91.768 ден. или реализација од 22,94% во однос на планираното за 2026 год. (Табела бр.4)

Во извештајниот период, општината нема извршено реализација на расходите кај надлежностите: Г- Локален економски развој, Љ - Заштита и спасување и Џ – Родова еднаквост.

14

Графичкиот приказ на процентот на реализација на расходи на Општина Градско за периодот јануари-март 2026 година по одделни видови на расходи и по програми се презентирани подолу:




Одделните видови на планираните и реализирани расходи, аналитички по одделни програми, потпрограми и ставки се дадени во следниот табеларен преглед:

15

Квартални извештаи на општина Градско за 1 квартал 2026 година

# АНЕКС

| ОПШТИНА ГРАДСКО | | | ПЛАНИРАН БУЏЕТ 2026 | Реализација (во ден.) | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр | Конто | Програма / Ставка | | I - Кватрал 2026 година | Реализација I квартал (во %) | Остаток за реализација ( во ден.) |
| | | | | | | |
| | | ВКУПНО БУЏЕТСКИ РАСХОДИ НА ОПШТИНА | 124.456.738 | 23.092.560 | 18,55 | 101.364.178 |
| | | ВКУПНО РАСХОДИ ОД ОСНОВЕН БУЏЕТ | 70.720.738 | 13.395.108 | 18,94 | 57.325.630 |
| | A | Совет на општина | 6.941.410 | 2.996.645 | 43,17 | 3.944.765 |
| | A0 | Совет на општина | 5.743.620 | 1.798.855 | 31,32 | 3.944.765 |
| | 401 | Основни плати | 220.000 | 54.415 | 24,73 | 165.585 |
| | | | | | | |
| | 404 | Надоместоци | 1.900.000 | 489.737 | 25,78 | 1.410.263 |
| | | | | | | |
| | 426 | Други тековни расходи | 300.000 | 269.910 | 89,97 | 30.090 |
| | | | | | | |
| | 461 | Субвенции за јавни претпријатија | 2.383.620 | 595.905 | 25,00 | 1.787.715 |
| | | | | | | |
| | 463 | Трансфери до невладини организации | 150.000 | 0 | 0,00 | 150.000 |
| | | | | | | |
| | 464 | Разни трансфери | 190.000 | 100.000 | 52,63 | 90.000 |
| | | | | | | |
| | 471 | Социјални надоместоци | 600.000 | 288.888 | 48,15 | 311.112 |
| | | | | | | |

Квартални извештаи на општина Градско за 1 квартал 2026 година

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| A1 | Изборни активности | 1.197.790 | 1.197.790 | 100,00 | 0 |
| 464 | Разни трансфери | 1.197.790 | 1.197.790 | 100,00 | 0 |
| | | | | | |
| Д | Градоначалник | 2.208.000 | 561.721 | 25,44 | 1.646.279 |
| Д0 | Градоначалник | 2.208.000 | 561.721 | 25,44 | 1.646.279 |
| 401 | Основни плати | 1.320.000 | 303.684 | 23,01 | 1.016.316 |
| | | | | | |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 488.000 | 118.103 | 24,20 | 369.897 |
| | | | | | |
| 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | 100.000 | 55.556 | 55,56 | 44.444 |
| | | | | | |
| 426 | Други тековни расходи | 100.000 | 41.048 | 41,05 | 58.952 |
| | | | | | |
| 464 | Разни трансфери | 50.000 | 43.330 | 86,66 | 6.670 |
| | | | | | |
| 471 | Социјални надоместоци | 150.000 | 0 | 0,00 | 150.000 |
| | | | | | |
| Е | Општинска администрација | 22.177.108 | 5.512.261 | 24,86 | 16.664.847 |
| Е0 | Општинска администрација | 22.169.108 | 5.512.261 | 24,86 | 16.656.847 |
| 401 | Основни плати | 10.896.000 | 2.542.491 | 23,33 | 8.353.509 |
| | | | | | |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 4.218.000 | 988.742 | 23,44 | 3.229.258 |
| | | | | | |
| 420 | Патни и дневни расходи | 60.000 | 25.000 | 41,67 | 35.000 |
| | | | | | |

Квартални извештаи на општина Градско за 1 квартал 2026 година

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 421 | Комуналии | 2.065.000 | 489.330 | 23,70 | 1.575.670 |
| | | | | | | |
| | 423 | Материјали и ситен инвентар | 440.000 | 127.911 | 29,07 | 312.089 |
| | | | | | | |
| | 424 | Поправки и тековно одржување | 924.595 | 387.263 | 41,88 | 537.332 |
| | | | | | | |
| | 425 | Договорни услуги | 760.000 | 357.602 | 47,05 | 402.398 |
| | | | | | | |
| | 426 | Други тековни расходи | 890.000 | 353.872 | 39,76 | 536.128 |
| | | | | | | |
| | 427 | Привремени вработувања | 1.215.513 | 215.513 | 17,73 | 1.000.000 |
| | | | | | | |
| | 464 | Разни трансфери | 700.000 | 24.537 | 3,51 | 675.463 |
| | | | | | | |
| | **EA** | **Капитални трошоци на општината** | 8.000 | 0 | 0,00 | 8.000 |
| | 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 8.000 | 0 | 0,00 | 8.000 |
| | | | | | | |
| | **J** | **Севкупно J** | **16.229.876** | **1.533.806** | **9,45** | **14.696.070** |
| | **J3** | **Јавно осветлување** | 2.200.000 | 482.533 | 21,93 | 1.717.467 |
| | 421 | **Комунални услуги, греење, комуникација** | 1.500.000 | 482.533 | 32,17 | 1.017.467 |
| | | | | | | |
| | 424 | **Поправки и тековно одржување** | 700.000 | 0 | 0,00 | 700.000 |
| | | | | | | |
| | **J5** | **Јавен локален превоз на патници** | 50.000 | 0 | 0,00 | 50.000 |
| | 421 | Комунални услуги, греење, транспорт | 50.000 | 0 | 0,00 | 50.000 |

Квартални извештаи на општина Градско за 1 квартал 2026 година

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | **Ј6** | **Одржување на лок.патишта, улици и** | **800.000** | **351.787** | **43,97** | **448.213** |
| | **423** | Материјали и ситен инвентар | **300.000** | **119.137** | **39,71** | **180.863** |
| | | | | | | |
| | **424** | Поправки и тековно одржување | **500.000** | **232.650** | **46,53** | **267.350** |
| | | | | | | |
| | **Ј7** | **Одржување и користење на зеленило** | **300.000** | **43.197** | **14,40** | **256.803** |
| | **424** | Поправки и тековно одржување | **300.000** | **43.197** | **14,40** | **256.803** |
| | | | | | | |
| | **Ј8** | **Други комунални услуги** | **236.000** | **0** | **0,00** | **236.000** |
| | **424** | Поправки и тековно одржување | **236.000** | **0** | **0,00** | **236.000** |
| | | | | | | |
| | **ЈА** | **Изградба на јавно осветлување** | **2.073.876** | **518.469** | **25,00** | **1.555.407** |
| | **480** | Купување на опрема и машини | **2.073.876** | **518.469** | **25,00** | **1.555.407** |
| | | | | | | |
| | **ЈД** | **Изградба и реконструкција на локални** | **9.870.000** | **137.820** | **1,40** | **9.732.180** |
| | **482** | Други градежни објекти | **9.870.000** | **137.820** | **1,40** | **9.732.180** |
| | | | | | | |
| | **ЈГ** | **Изградба на системи за водоснабдување** | **700.000** | **0** | **0,00** | **700.000** |
| | **482** | Други градежни објекти | **700.000** | **0** | **0,00** | **700.000** |
| | | | | | | |
| | **Л** | **Спорт и рекреација** | **250.000** | **100.000** | **40,00** | **150.000** |
| | **Л0** | Спорт и рекреација | **250.000** | **100.000** | **40,00** | **150.000** |
| | **463** | Трансфери до невладини организации | **250.000** | **100.000** | **40,00** | **150.000** |
| | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Љ | Заштита и спасување | 87.440 | 0 | 0,00 | 87.440 |
| | Љ0 | Заштита и спасување | 87.440 | 0 | 0,00 | 87.440 |
| | 423 | Материјали и ситен инвентар | 77.440 | 0 | 0,00 | 77.440 |
| | | | | | | |
| | 426 | Други тековни расходи | 10.000 | 0 | 0,00 | 10.000 |
| | | | | | | |
| | Џ | Родова еднаквост | 50.000 | 0 | 0,00 | 50.000 |
| | ЏI | Родова еднаквост | 50.000 | 0 | 0,00 | 50.000 |
| | 464 | Разни трансфери | 50.000 | 0 | 0,00 | 50.000 |
| | | | | | | |
| | Н | Основно образование | 21.876.904 | 2.198.907 | 10,05 | 19.677.997 |
| | НI | Основно образование | 1.510.110 | 617.610 | 40,90 | 892.500 |
| | 423 | Материјали и ситен инвентар | 1.510.110 | 617.610 | 40,90 | 892.500 |
| | | | | | | |
| | НА | Основно образование (капитални расходи) | 20.366.794 | 1.581.297 | 7,76 | 18.785.497 |
| | 482 | Други градежни објекти | 20.366.794 | 1.581.297 | 7,76 | 18.785.497 |
| | | | | | | |
| | В | Социјална заштита и заштита на деца | 400.000 | 91.768 | 22,94 | 308.232 |
| | ВI | Детски градинки | 400.000 | 91.768 | 22,94 | 308.232 |
| | 426 | Други тековни расходи | 400.000 | 91.768 | 22,94 | 308.232 |
| | | | | | | |
| | Г | Локален економски развој | 100.000 | 0 | 0,00 | 100.000 |
| | ГА | Изградба на комерцијални објекти | 100.000 | 0 | 0,00 | 100.000 |
| | 482 | Други градежни објекти | 100.000 | 0 | 0,00 | 100.000 |
| | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ф | Урбано планирање | 400.000 | 400.000 | 100,00 | 0 |
| | ФА | Уредување на градежно земјиште | 400.000 | 400.000 | 100,00 | 0 |
| | 485 | Вложување и нефинансиски средства | 400.000 | 400.000 | 100,00 | 0 |
| | | | | | | |
| | | ВКУПНО РАСХОДИ ОД БЛОК ДОТАЦИИ | 52.476.000 | 9.284.632 | 17,69 | 43.191.368 |
| | | ВКУПНО РАСХОДИ ОД БЛОК ДОТАЦИИ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | 52.476.000 | 9.284.632 | 17,69 | 43.191.368 |
| | HI | Основно образование | 52.476.000 | 9.284.632 | 17,69 | 43.191.368 |
| | 401 | Основни плати | 25.844.000 | 5.978.955 | 23,13 | 19.865.045 |
| | | | | | | |
| | 402 | Придонеси за социјално осгурување | 10.017.000 | 2.325.150 | 23,21 | 7.691.850 |
| | | | | | | |
| | 404 | Надоместоци | 750.000 | 0 | 0,00 | 750.000 |
| | | | | | | |
| | 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 3.413.000 | 152.361 | 4,46 | 3.260.639 |
| | | | | | | |
| | 423 | Материјали и ситен инвентар | 985.000 | 92.136 | 9,35 | 892.864 |
| | | | | | | |
| | 424 | Поправки и тековно одржување | 3.270.000 | 408.641 | 12,50 | 2.861.359 |
| | | | | | | |
| | 425 | Договорни услуги | 4.037.000 | 73.980 | 1,83 | 3.963.020 |
| | | | | | | |
| | 426 | Други тековни расходи | 360.000 | 88.409 | 24,56 | 271.591 |
| | | | | | | |
| | 464 | Разни трансфери | 300.000 | 0 | 0,00 | 300.000 |

Квартални извештаи на општина Градско за 1 квартал 2026 година

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 480 | Купување на опрема и машини | 900.000 | 165.000 | 18,33 | 735.000 |
| | | | | | | |
| | 482 | Други градежни објекти | 2.600.000 | 0 | 0,00 | 2.600.000 |
| | | | | | | |
| | 483 | Купување на мебел | 0 | 0 | 0,00 | 0 |
| | | | | | | |
| | | ВКУПНО РАСХОДИ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ - ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | 460.000 | 7.274 | 1,58 | 452.726 |
| | HI | Основно образование | 460.000 | 7.274 | 1,58 | 452.726 |
| | 420 | Патни и дневни расходи | 60.000 | 7.274 | 12,12 | 52.726 |
| | | | | | | |
| | 421 | Комунални услуги, греење, транспорт | 20.000 | 0 | 0,00 | 20.000 |
| | | | | | | |
| | 423 | Материјали и ситен инвентар | 10.000 | 0 | 0,00 | 10.000 |
| | | | | | | |
| | 425 | Други договорни услуги | 360.000 | 0 | 0,00 | 360.000 |
| | | | | | | |
| | 426 | Други тековни расходи | 10.000 | 0 | 0,00 | 10.000 |
| | | | | | | |
| | | ВКУПНИ РАСХОДИ ОД ДОНАЦИИ | 800.000 | 405.546 | 50,69 | 394.454 |
| | HI | Спорт и рекреација (капитални расходи) | 800.000 | 405.546 | 50,69 | 394.454 |
| | 420 | Патни и дневни расходи | 107.000 | 105.336 | 98,44 | 1.664 |
| | | | | | | |
| | 426 | Други тековни расходи | 693.000 | 300.210 | 43,32 | 392.790 |
| | | | | | | |

Квартални извештаи на општина Градско за 1 квартал 2026 година

**ОБВРСКИ НА ОПШТИНАТА (ДОСПЕНИ, А НЕПЛАТЕНИ) за 1 квартал 2026 година**

*(во денари)*

| Месеци | Обврски до 30 дена | Обврски до 60 дена | Обврски над 60 дена | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | утужени | неутужени | Вкупно | |
| јануари | 616.583 | 1.581.297 | 177.843 | 2.329.786 | **2.507.629** | **4.705.509** |
| февруари | 365.322 | 111.899 | 177.843 | 2.456.458 | **2.634.301** | **3.111.522** |
| март | 44.554 | 318.141 | 177.843 | 2.571.426 | **2.749.269** | **3.111.964** |
| април | | | | | **0** | **0** |
| мај | | | | | **0** | **0** |
| јуни | | | | | **0** | **0** |
| јули | | | | | **0** | **0** |
| август | | | | | **0** | **0** |
| септември | | | | | **0** | **0** |
| октомври | | | | | **0** | **0** |
| ноември | | | | | **0** | **0** |
| декември | | | | | **0** | **0** |

| Расходна ставка | Вкупно обврски |
|---|---|
| 401 | |
| 402 | |
| 403 | |
| 404 | |
| 411 | |
| 412 | |
| 413 | |
| 414 | |
| 420 | |
| 421 | 68.392 |
| 423 | 29.430 |
| 424 | 269.823 |
| 425 | 119.398 |
| 426 | 474.380 |
| 427 | |
| 451 | |
| 452 | |
| 453 | |
| 461 | |
| 462 | |
| 463 | |
| 464 | 177.843 |
| 465 | |
| 471 | |
| 472 | |
| 473 | |
| 474 | |
| 480 | 2.032.748 |
| 481 | |
| 482 | 318.207 |
| 483 | |
| 484 | |
| 485 | |
| 486 | |
| 487 | |
| 488 | |
| 489 | |
| 491 | |
| 492 | |
| 493 | 1.910.716 |
| **Вкупно** | **3.111.964** |

**Образложение:**

Оваа табела е согласно пропишаниот образец на Министерството за финансии

Квартални извештаи на општина Градско за 1 квартал 2026 година

- ✓ Вкупните обврски на општината до 30 дена (доспеани, а неплатени) во првиот квартал од 2026 год. изнесуваат 616.583 денари и истите се намалени за 590.320денари во однос на истиот период од 2025 год.

- ✓ Вкупните обврски на општината до 60 дена (доспеани,а неплатени) во првиот квартал од 2026 год. изнесуваат 365.322 денари и истите се намалени за 412.030 денари во однос на истиот период од 2025 год.

- ✓ Вкупните обврски на општината над 60 дена (доспеани, а неплатени) во првиот квартал од 2026 год. изнесуваат 2.749.269 денари и истите се намалени за 876.911 денари во однос на истиот период од 2025 год. Од нив 177.843 денари се утужени, а 2.571.426 денари се неутужени.

- ✓ **Вкупните доспеани, а неплатени обврски на општината во првиот квартал од 2026 год. изнесуваат 3.111.964 денари и истите се намалени за 3.829.756 денари во однос на истиот период од 2025 год.**




Најголем дел од обврските на општината произлегуваат од:

- Позајмица од централен буџет во 2009 година во износ од 1.910.716 денари и учество од 61,40% во вкупните обврски на општината;
- Трошоци за одржување на локациите на вкрстување на локалните патишта со железничката пруга во износ од 268.383 денари и учество од 8,62 % во вкупните обврски на општината;

Квартални извештаи на општина Градско за 1 квартал 2026 година

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ДОЛГОТ НА ОПШТИНАТА за 1 квартал 2026 година**

- **Општина Градско и ЈКП Клепа Градско немаат долг по основ на кредити во 1 квартал за 2026 година**

**Долг на општината** *( во оригинална валута)*

| Реден број | Ознака на кредит | Назив на кредитот и намена | Заемодавач | Оригинална валута | Износ | Каматна стапка | Рок на отплата | Грејс период | Износ на повлечени транши (во оригинална валута) | Гарантиран кредит | Периодичност на отплата* | Датум на отплата на главнина | | Датум на отплата на камата | | Достасана обврска ( во извештајниот период) | | Датум на достасување на обврската | Платена обврска ( во извештајниот период) | | Датум на отплата на обврската | Достасана неплатена обврска ( во извештајниот | | Состојба на долгот за извештајниот | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | % | | | | (да/не) | (а, б, в, г,д) | Прв | Последен | Прв | Последен | Главница | Камата | | Главница | Камата | | Главница | Камата | на почетокот | на крајот |
| 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**Забелешки:**

**Долг на ЈП основани од општината** *( во оригинална валута)*

| Реден број | Ознака на кредит | Назив на кредитот и намена | Заемодавач | Оригинална валута | Износ | Каматна стапка | Рок на отплата | Грејс период | Износ на повлечени транши (во оригинална валута) | Гарантиран кредит | Периодичност на отплата* | Датум на отплата на главнина | | Датум на отплата на камата | | Достасана обврска ( во извештајниот период) | | Датум на достасување на обврската | Платена обврска ( во извештајниот период) | | Датум на отплата на обврската | Достасана неплатена обврска ( во извештајниот | | Состојба на долгот за извештајниот | | Заемопримач (назив на ЈП) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | % | | | | (да/не) | (а, б, в, г,д) | Прв | Последен | Прв | Последен | Главница | Камата | | Главница | Камата | | Главница | Камата | на почетокот | на крајот | |
| 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

Оваа табела е согласно пропишаниот образец на Министерството за финансии

**57.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за делегирање на надлежностите на општина Градско во областа на спортот**

Се објавува Одлуката за делегирање на надлежностите на општина Градско во областа на спортот, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 04.05.2026 година.

Бр.09-239/2
05.05.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 и член 24, став 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ Бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24) и член 17 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр.2/06, 7/21, 4/22 и 11/23), Советот на Општина Градско на седницата одржана на ден 04.05.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за делегирање на надлежностите на општина Градско во областа на спортот**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Градско врши делегирање на надлежностите на Општина Градско во областа на спортот на правни лица (во понатамошниот текст: вршител на делегирана надлежност).

**Член 2**

Се делегира надлежноста за реализација на настани од областа на спортот.

**Член 3**

Градоначалникот на Општина Градско ќе објави Јавен повик и ќе склучи посебен договор со вршителот на делегираната надлежност за начинот и условите за вршење на надлежноста.

**Член 4**

За својата работа вршителот на делегираната надлежност поднесува наративен и финансиски извештај до Градоначалникот и Советот на Општина Градско.

Доколку вршителот на делегираната надлежност не поднесе извештај за тековната година или истиот не е усвоен од Советот на Општина Градско договорот ќе биде раскинат.

Сите активности за вршење на делегираната надлежност вршителот ќе ги спроведува во координација со Одделението за правни, општи работи и јавни дејности и Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина и локален економски развој.

**Член 5**

Надлежноста од член 2 од оваа Одлука ќе се финансира од Буџетот на Општина Градско, како и од донации и спонзорства.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Градско“.

Бр.08-234/4
04.05.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**58.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Правилникот за начинот и постапката за делегирање и извршување на надлежноста од областа на спортот**

Се објавува Правилникот за начинот и постапката за делегирање и извршување на надлежноста од областа на спортот, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 04.05.2026 година.

Бр.09-239/3
05.05.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член член 22 став 1 точка 5 и член 24, став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и „Службен вестик на РСМ“ бр.202/24), член 90 од Законот за здруженија и фондации („Служен весник на РМ“ бр. 52/10, 135/11 и 55/16), член 17 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Советот на Општина Градско на седницата одржана на 04.05.2026 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за начинот и постапката за делегирање и извршување на надлежноста од областа на спортот**

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишува начинот и постапката за делегирање на надлежностите на Општина Градско од областа на спортот.

**Член 2**

Делегирањето на надлежностите од областа на спортот на здружение на граѓани за вршење на одредени работи од областа на спортот се однесува на организирање и реализирање на настани од областа на спортот а се врши преку објавување јавен повик.

**Член 3**

Кон пријавата доставена по јавниот повик здружението на граѓани е должно да приложи:

1. Решение за упис во централен регистар;
2.Полн назив и адреса на субјектите кои ќе се вклучат во текот на реализирање на активностите од делегираната надлежност;
3.Детален опис на активностите, носители и рокови за реализирање на делегираните надлежности- Програма на здружението за начинот и постапката за реализација на спортски настани;
4.Финансиска структура на активностите;
5.Име, презиме на лицата ангажирани во реализирање на делегираните надлежности, нивна квалификациона структура и професионално искуство;
6.Име, презиме и контакт телефон на одговорното лице за реализација на делегираните надлежности.

**Член 4**

Градоначалникот распишува јавен повик и формира трочлена комисија која ги разгледува пријавите по јавниот повик на здруженијата на граѓани што ги исполнуваат условите, согласно Законот за локална самоуправа и овој Правилник.

**Член 5**

Пријавите од член 3 на овој Правилник, се разгледуваат во присуство на сите членови на Комисијата.

Мислењето што го изготвува Комисијата се потпишува од сите членови на Комисијата и се доставува до Градоначалникот.

**Член 6**

Комисијата при разгледување на пријавите по јавниот повик за исполнување на условите за одреден вид работа од областа на спортот утврдена со закон, врши бодирање и тоа:
-соодветност на предлогот со условите од јавниот повик до 20 бода;
-капацитет на предлагачот, искуство во реализација на проекти од областа на спортот, соодветност на лицата кои ќе учествуваат во реализирање на надлежностите по однос на образование и искуство во областа на спортот, поставеност насистем на контрола на квалитетот и работењето до 40 бода; и
-план и програма за организирање и реализирање на настаните до 40 бода.

**Член 7**

При разгледувањето на пријавата и целокупната документација кон истата, Комисијата може да изврши интервју непосредно со претседателот на здружението на граѓани.

**Член 8**

Договорот за меѓусебните права, обврски и одговорности за реализација на делегираните надлежности што се склучува помеѓу Општина Градско и здружението на граѓани, согласно Одлуката за делегирање на дел од надлежности од областа на спортот содржи:

1. Краток опис на делегираните надлежности;
2. Времетраење и датум на влегување во сила на договорот;
3. Обврски на договорните страни;
4. Следење на реализицата на делегираните надлежности и начин на доставување на извештаи;
5. Одговорноста при занаправена штета и осигурување;
6. Висината на средствата од Буџетот на Општина Градско и начинот на исплатана истите на здружението на граѓани за реализирање на делегираната надлежност;
7. Ревизија и мониторинг;
8. Раскинување на договорот и
9. Завршни одредби.

**Член 9**

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Градско“.

Бр.08-234/5
04.05.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**59.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско" бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за неприфаќање на Договор за меѓуопштинска соработка**

Се објавува Одлуката за неприфаќање на Договор за меѓуопштинска соработка, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 04.05.2026 година.

Бр.09-239/4
05.05.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 6 став 1 и 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија " бр. 79/09 и „ Службен весник на РСМ" бр. 241/24) и член 14 и член 36 од Законот за локална самоуправа („ Службен весник на Република Македонија " бр. 5/02 и „ Службен весник на РСМ 202/24) и член 12 став 1 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско бр. 02/06, 7/21, 4/22 и 11/23), Советот на општина Градско на 11 (единаесеттата седница) одржана на ден: 04.05.2026 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за неприфаќање на Договор за меѓуопштинска соработка**

**Член 1**

Советот на општина Градско не го прифаќа Предлог Договорот за меѓуопштинска соработка понуден од страна на општина Гевгелија за воспоставување на меѓуопштинска соработка изготвен согласно Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка со општина Гевгелија (за вршење на надзор и инспекциски услуги од овластен градежен инспектор од Одделението за инспекциски надзор - инспекторат од општинската администрација на Општина Гевгелија за потребите на Општина Градско), донесена од страна на Советот на општина Градско бр. 08-132/12 од 27.02.2026 година, од причини што условите понудени во Договорот се спротивни на Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Градско.

Бр.08-234/6
04.05.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**60.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за доделување на финансиски средства**

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 04.05.2026 година.

Бр.09-239/5
05.05.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 202/24) и член 17 од Статутот на Општина Градско (Службен гласник на Општина Градско бр. 2/06, 07/21, 04/22 и 11/23)

Решавајќи по барање за доделување на финансиски средства од Далибор Стојанов од с.Ногаевци, Општина Градско со број 08-237/1 од 30.04.2026 година, Советот на Општина Градско донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување на финансиски средства**

**Член 1**

На лицето Далибор Стојанов од с.Ногаевци, Општина Градско со ЕМБГ xxxxx му/и се доделуваат финансиски средства во износ од 10.000,00 денари за одбележување на верскиот празник „Спасовден“, согласно програмата за 2026 година.

**Член 2**

Средставата ќе бидат исплатени на сметка број xxxxx во xxxxx банка од други трансфери, програма К4, конто 464990 од Буџетот на Општина Градско за 2026 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Градско.

Бр.08-234/7
04.05.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**61.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за доделување на финансиски средства**

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 04.05.2026 година.

Бр.09-239/6
05.05.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 202/24) и член 17 од Статутот на Општина Градско (Службен гласник на Општина Градско бр. 2/06, 07/21, 04/22 и 11/23)

Решавајќи по барање за доделување на финансиски средства од Гоце Спасовски од с.Виничани, Општина Градско со број 08-238/1 од 30.04.2026 година, Советот на Општина Градско донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување на финансиски средства**

**Член 1**

На лицето Гоце Спасовски од с.Виничани, Општина Градско со ЕМБГ xxxxx му/и се доделуваат финансиски средства во износ од 10.000,00 денари за одбележување на верскиот празник „Константин и Елена“, согласно програмата за 2026 година.

**Член 2**

Средставата ќе бидат исплатени на сметка број xxxxx во xxxxx банка од други трансфери, програма К4, конто 464990 од Буџетот на Општина Градско за 2026 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Градско.

Бр.08-234/8
04.05.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.